Врз основа на чл. 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со објавен оглас за административни службеници арх бр 825/2025 година објавен 24.07.2025, Согласноста од Министерство за финансии арх бр 19-6614/2 од 23.06.2025, Предлогот за вработување на кандидати по јавниот оглас арх бр 10-1801/16 од 15.12.2025 година, ВД Директорот на ЈЗУ Клиничка болница Битола ја донесе следната

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
КЛИНИЧКА БОЛНИЦА
Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ
БР. 04-816/96
18.12 20 25 ГОД.
Битола

# О Д Л У К А

**за избор на кандидат за вработувањена неопределено време на административен службеник по објавен јавен оглас бр 825/2025 во ЈЗУ Клиничка болница Битола**

1. За обавување на работи и работни задачи на работно место **ЗДР 01 02 Г03 003, референт администратор** во Одделение за ИТ системи и поддршка, Сектор за административно правни и општи работи, човечки ресурси и ИТ системи и поддршка, 1(еден) извршител **се** избира кандидатот

- **Ирена Костовска Груевска со идентификациски код 60С0080**

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1, по конечноста на Одлуката за што ќе биде донесена посебно Решение

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација .

***О б р а з л о ж е н и е***

По добиената согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства арх бр 19-6614/2 од 23.06.2025, по барање на ЈЗУ Клиничка болница “Д-р Трифун Пановски" Битола, Агенцијата за администрација на интернет страната и во 3 дневни весници (Слободен печат, Вечер и Коха) распиша оглас на ден 24.07.2025 за вработување на административни службеници во ЈЗУ Клиничка болница Битола .

По формирање на Комисија за спроведување на постапка за селекција за вработување на административен службеник, се пристапи кон административна селекција во просториите на Агенцијата за администрација за што се состави Записник бр 10-1801/13 од 28.11.2025 година .

На ден 11.12.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација се одржа испитот за административен службеник за кој е составен записник бр 10-1801/14 од 11.12.2025 година.

На ден 12.12.2025 година беше спроведена постапка за проверка на веродостојноста на докази и интервју за административни службеници за кои е составен записник бр 10-1801/15 од 12.12.2025 година.

Врз основа на добиените бодови од административната селекција, спроведениот испит за административен службеник и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечни ранг листи на кандидатите од сите фази на селекцијата.

Врз основа на конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлогот за вработување на кандидатите со најголем број на освоени бодови, ВД Директорот на ЈЗУ Клиничка болница "Др Трифун Пановски " Битола за работното место **референт администратор** во Одделение за ИТ системи и поддршка, Сектор за административно правни и општи работи, човечки ресурси и ИТ системи и поддршка, 1(еден) извршител го избра предложениот кандидат **Ирена Костовска Груевска со идентификациски код 60С0080.**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: против оваа Одлука , незадоволните кандидати имаат право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација .

ЈЗУ Клиничка болница
"Др Трифун Пановски"Битола
ВД Директор
*Д-р Ненси Лозанче*

Република Северна Македонија Здравствена установа Клиничка болница Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ Битола

Дна
Архива
Кандидат
Одделение за човечки ресурси
Агенција за администрација